ОСНОВЕН СУД
-КОЧАНИ
СУ-04-42/20
07.12.2020 година

Основен суд Кочани врз основа на член 20 и член 39 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/14,33/15,98/15,6/16 и 198/18),Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас,формата,начинот на поднесување на пријавата за унапредување,начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто,како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работното место за кои е објавен интерниот оглас (Сл.весник бр.275/20),Правилникот за систематизација на работни места во Основен суд Кочани СУ-04-46/18 од 24.12.2018 г.,како и согласноста од Министерот за финансии бр.18-5666/2 од 09.10.2020 г. објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2020**

**За унапредување на 1 /еден/ судски службеник**

1. **Категорија Б, ниво Б-4, СУД0101Б04004 – 1 извршител Раководител на одделение за ИТ**

Посебни услови за вршење на работите:
Степен и вид на образование:најмалку 300 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен факултет од соодветната област

Работно искуство:
-Најмалку 4 години работно искуство во струката

Посебни работни компетенции:
-Активно познавање на еден од трите најчести користени јазици на Евпроската унија (англиски,француски и германски)
-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење (познавањето на компјутерски програми за канцелариско работење ке се доказува со приложување на уверението за завршено соодветно образование)

Распоред на работното време:
Работни часови:40 часа неделно
Работно време-од 7.30 часот до 15.30 часот
Работни денови:од понеделник до петок
Нето плата:31.068,00 денари

На интерниот оглас може да се јави судски службеник,вработен во судот кој ги исполнува посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветното ниво наведени во овој оглас,како и:

-да е на работно место на непосредно пониско ниво или во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас;
-да поминал најмалку две години на работното нместо на кое е распореден и
-да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас

Кон пријавата кандидатите потребно е да ги приложат следните докази:
-уверение за завршено соодветно образование во оригинал или заверено кај нотар
-доказ за работно искуство
-сертификат или уверение како доказ за познавање на еден од трите најчести користени јазици на Европската унија (англиски,француски и германски)
Познавањето на компјутерски програми за канцелариско работење ке се доказува со приложување на уверението за завршено соодветно образование

Кон пријавата кандидатите покрај горенаведените докази,можат да ги приложат и следните докази:
-потврди за успешно реализирани обуки како посетител,не постари од 5 години
-потврди за успешно реализирани обуки како обучувач,не постари од 5 години
-потврди за успешно реализирано менторство како ментор
-потврди за успешно реализирано менторство како менториран

Кандидатите се должни пријавата да ја пополнат во целост,прецизно и со точни податоци.
Пополнетата пријава во писмена форма и доказите за податоците содржани во пријавата,кандидатите ја поднесуваат преку приемната писарница во Основен суд Кочани.
Рокот на поднесување на пријавите е 8 дена од денот на објавување на огласот на веб страната на судот.

Напомена:Кандидатот кој ке внесе лажни податоци во пријавата ке се дискфалификува од понатамошната постапка.

ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ 4